Уп. бр.08-34

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Јунајтед Медиа С.а.р.л (*United Media S.à.r.l*), со седиште на адреса 43 булевар Пјер Фриден, 1543 Луксембург, доставено преку адвокат Мартин Иванов од Скопје, на седницата одржана на ден 02.03.2022 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Јунајтед Медиа С.а.р.л (*United Media S.à.r.l*), со седиште на адреса 43 булевар Пјер Фриден, 1543 Луксембург, ќе стекне единствена контрола над АСКАНИУС МЕДИА д.о.о. (*ASCANIUS MEDIA d.o.o.*), со седиште на адреса ул. Мједеница бр.54, 71000 Сараево, Босна и Херцеговина и Асканиус Медиа, промоција и маркетинг, д.о.о., (*Ascanius Media, promocija in trženje, d.o.o*), со седиште на адреса Дунајска цеста 5, 1000 Љубљана, Словенија, преку стекнување на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 31.01.2022 година, а дополнето на 04.02.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Јунајтед Медиа С.а.р.л (*United Media S.à.r.l*), со седиште на адреса 43 булевар Пјер Фриден, 1543 Луксембург, со која Јунајтед Медиа С.а.р.л ќе стекне единствена

контрола над АСКАНИУС МЕДИА д.о.о. (*ASCANIUS MEDIA d.o.o.*), со седиште на адреса ул. Мједеница бр.54, 71000 Сараево, Босна и Херцеговина и Асканиус Медиа, промоција и маркетинг, д.о.о., (*Ascanius Media, promocija in trženje, d.o.o*), со седиште на адреса Дунајска цеста 5, 1000 Љубљана, Словенија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото, го утврди следното:

**Јунајтед Медиа С.а.р.л** е друштво чија основна дејност е емитување на ТВ канали. Деловните активности вклучуваат советување, управување и набавка на програмски содржини, односно производство и емитување на канали, кои потоа се дистрибуираат преку телекомуникациските оператори до крајните корисници.

Јунајтед Медиа С.а.р.л е дел од Групацијата на компании Јунајтед, која работи како дел од портфолиото на фондови советувани од БЦ Партнерс ЛЛП (*BC Partners LLP*), меѓународен инвестициски фонд со седиште во Лондон.

БЦ Партнерс се присутни во Република Северна Македонија преку (индиректни) зависни друштва:

- Тотал ТВ д.о.о. Скопје, со седиште на адреса Булевар ВМРО 3, Центар, Скопје, кое е активно во дистрибуција на медиумски содржини преку техничката платформа DTH ;
- Директ Медиа д.о.о.е.л., со седиште на адреса Орце Николов 68/3, Центар, Скопје, кое обезбедува унифицирани комуникациски, рекламни и медиумски услуги.

**АСКАНИУС МЕДИА д.о.о. и Асканиус Медиа, промоција и маркетинг, д.о.о.** се медиумски агенции кои обезбедуваат интегрирана комуникациска услуга, вклучувајќи консалтинг, рекламирање, медиумско планирање, истражување, собирање и толкување на информации за клиентите, креативни услуги итн. Основната дејност се состои од маркетинг активности, односно активности поврзани со рекламирање во медиумите. Целните друштва припаѓаат на групацијата на друштва Асканиус Медиа кои работат во Словенија и Босна и Херцеговина.

Ниту едно од наведените друштва нема поврзани друштва во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на*

*случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф.Д-р Владимир Наумовски**